Број: 03-277
22.10.2026 година
В е л е с

Повик за утврдување на референтна листа на експерти

Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија (ЗФР), учествува во спроведување на активности од проектот „Анализа на фискалните ефекти и поддршка за подобрување на приходите во рамките на реформата на данокот на имот на Град Скопје“.

За спроведување на дел од проектните активности, ЗФР има потреба од ангажирање на **експерти за следните позиции**:

1. Тим лидер – експерт, едно лице
2. Заменик Тим лидер – експерт, едно лице
3. Експерти – четири лица
4. ИТ експерт, едно лице.

Општа цел

Општата цел на ангажманот е да му се обезбеди независна аналитичка и стручна поддршка на Град Скопје во постигнувањето мерливи и одржливи резултати од реформата на данокот на имот.

Посебните цели

Посебните цели на спроведувањето на активноста се:

- аналитичка оценка на активностите и испораките на техничкиот изведувач;
- да се оцени постојната успешност во администрирањето на данокот на имот и другите поврзани приходи;
- да се проценат фискалниот капацитет и фискалниот напор на Град Скопје;
- да се процени фискалното влијание од ревалоризацијата на недвижностите;
- да се анализираат даночните побарувања, заостанатите обврски и успешноста на наплатата;
- да се процени даночниот јаз и да се идентификуваат ризиците од неусогласеност;
- да се подготват Стратегија и Акциски план за подобрување на приходите; и
- да се дефинираат економски и финансиски дефинирање аналитички индикатори што ќе бидат вградени во аналитичкиот модул на новата платформа.

Опис на работните задачи по компоненти

Избраните експерти ќе бидат одговорни за спроведување на следните активности - клучни задачи, постигнување на очекуваните резултати и испораки:

Компонента I – Независна анализа, мониторинг и стручна оценка

- Независно аналитичка евалуација на спроведувањето на Техничката спецификација;
- навремено идентификување на ризиците, доцнењата и проблемите со квалитетот;

- документирана проверка и стручна оценка / аналитичка потврда на клучните испораки;
- следење на советодавни препораки за подобрување; и
- независни советодавни препораки за поддршка на процесот на прифаќање на испораките од страна на Градот.

Компонента II – Анализа на фискалните ефекти и дијагностичка анализа на приходите

- Дијагностичка анализа на успешноста на приходите и администрирањето на даноците;
- Аналитички модел за процена на фискалниот капацитет и фискалниот напор;
- Квантифицирана анализа фискално влијание од ревалоризацијата;
- Детална анализа на даночните побарувања и заостанатите обврски;
- процена на компонентите на даночниот јаз и идентификување на ризиците од неусогласеност; и
- воспоставување приоритети за подобрување на администрирањето на даноците засновани на докази.

Компонента III – Подобрување на приходите и аналитички мониторинг на резултатите

- Стратегија и Акциски план за подобрување на приходите;
- мерливи цели за приходите и успешноста на наплатата;
- рамка на економски и финансиски аналитички индикатори;
- функционални барања за управувачките контролни табли;
- стручна оценка / аналитичка потврда на економските и финансиските аналитички индикатори вградени во платформата; и
- структурирана рамка за следење на фискалните ефекти од реформата.

Критериуми за избор:

1. **Тим лидер – едно лице, експерт, аналитичар, истражувач. Барани квалификации и критериуми за избор:**
   - **Доктор на науки од областа на економските науки**
   - **Професионално искуство во областа на јавните финансии и локалните даноци и такси минимум 20 години**
   - **Учество во имплементација на најмалку 20 проекти од областа на јавните финансии и локалните даноци и такси**
   - **Одлично познавање на статистички и софтверски алатки за економска анализа**
   - **Одлични комуникациски, аналитички и вештини за пишување извештаи.**

2. **Заменик Тим лидер – едно лице, експерт, аналитичар, истражувач. Барани квалификации и критериуми за избор:**
   - **магистер на науки од областа на економските науки**
   - **Професионално искуство во областа на јавните финансии и локалните даноци и такси минимум 20 години**
   - **Учество во имплементација на најмалку 10 проекти од областа на јавните финансии и локалните даноци и такси**

3. **Експерт - едно лице, експерт, аналитичар, истражувач. Барани квалификации и критериуми за избор:**
   - **магистер на науки од областа на економските науки**
   - **Професионално искуство во областа на јавните финансии и локалните даноци и такси минимум 5 години**

- **Учество во имплементација на најмалку 5 проекти од областа на јавните финансии и локалните даноци и такси**

4. **Експерт - едно лице, експерт, аналитичар, истражувач. Барани квалификации и критериуми за избор:**
   - **Дипломиран економист**
   - **Професионално искуство во областа на јавните финансии и локалните даноци и такси минимум 15 години**
   - **Учество во имплементација на најмалку 5 проекти од областа на јавните финансии и локалните даноци и такси**
   - **Искуство во функционирањето на локалната самоуправа минимум 10 години**

5. **Експерт - едно лице, експерт, аналитичар, истражувач. Барани квалификации и критериуми за избор:**
   - **Дипломиран економист**
   - **Професионално искуство во областа на јавните финансии и локалните даноци и такси минимум 20 години**
   - **Учество во имплементација на најмалку 5 проекти од областа на јавните финансии и локалните даноци и такси**
   - **Искуство во функционирањето на локалната самоуправа минимум 10 години**

6. **Експерт - едно лице, експерт, аналитичар, истражувач. Барани квалификации и критериуми за избор:**
   - **Дипломиран економист**
   - **Професионално искуство во областа на јавните финансии и локалните даноци и такси минимум 20 години**
   - **Учество во имплементација на најмалку 10 проекти од областа на јавните финансии и локалните даноци и такси**
   - **Искуство во функционирањето на централната и локалната самоуправа минимум 10 години**
   - **Искуство во креирање на политики и законски акти**

7. **Експерт - едно лице, IT експерт, аналитичар, истражувач. Барани квалификации и критериуми за избор:**

   - **Високо образование**
   - **Професионално искуство во областа на информатичката технологија**
   - **Учество во имплементација на најмалку 5 проекти од областа на информатичката технологија**

Временска рамка и времетраење на ангажманот: Ангажманот на експертите е предвиден за период од 30 Октомври до 20 Декември 2026 година.

Потребни документи за аплицирање

Заинтересираните кандидати треба да ги достават следните документи:
- **Професионална биографија (CV).**
- **Копија од Диплома за завршено образование.**

- **Референтна листа на слични проекти/анализи изработени во минатото (со контакти за проверка на референците)**
- **Препораки за претходно спроведени ангажмани**

По изборот на експерти ќе биде комплетирана референтната листа на експерти.

Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија (ЗФР), следејќи ја динамиката на спроведување на проектните активности и потребите од експертиза, со избраните експерти ќе склучи договор во кој ќе се наведе типот, динамиката и обемот на ангажманот, како и максималниот износ на надоместот за ангажманот.

Доколку сте заинтересирани, Ве молиме да доставите кратко мотивациско писмо со задолжително наведување на позицијата за која аплицирате, Вашата ажурирана биографија со фотографија и придружни документи за потврда на бараните документи, не подоцна од 16.00 часот во понеделник 26 октомври 2026 год. на следнава е-маил адреса: zfrlsjpv@gmail.com